## ВНАТРЕШНА ЗАКАНА

**Понекогаш најголема закана за нашата организација може да биде некој со кого заедно работиш**



**Препознај и пријави ги потенцијалните внатрешни закани во твојата институција**

## ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

ул. „Васко Карангелески" бр.8
(Касарна „Гоце Делчев")
1000 Скопје
Република Македонија
Тел.: + 389 2 3299 820
Факс: + 389 2 3299 829
e-mail:direkcija@dbki.gov.mk
www.dbki.gov.mk

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Дирекција за безбедност на класифицирани информации**



# КАМПАЊА ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСНАТА СВЕСТ КАЈ КОРИСНИЦИТЕ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

## МИСИЈА

Мисија на оваа кампања е подигнување на безбедносната свест кај корисниците на класифицирани информации, што ќе резултира со поголема заштита на класифицираните информации и намалување/елиминирање на безбедносните нарушувања предизвикани од надворешни и внатрешни закани

## ДЕФИНИЦИЈА

Безбедносна свест е очекување на потенцијални закани и способност да се предвиди со какви видови на безбедносни ризици и закани корисниците на класифицирани информации можат да се соочат во нивните секојдневни активности. Свеста и личната одговорност се критични за успехот на која било програма за зголемување на безбедноста на класифицираните информации

## ЦЕЛ

Подигнувањето на безбедносната свест има за цел препознавање на безбедносните ризици и преземање на соодветни мерки за заштита на класифицираните информации согласно размерот на заканата. Активностите за подигнување на безбедносната свест се дизајнираат во насока на формирање и унапредување на добри безбедносни практики

## БЕЗБЕДНОСНАТА СВЕСТ Е НЕОПХОДНА ЗА ДА ГИ ЗАШТИТИ И ОСИГУРА:

**Достапноста на класифицираните информации** - информациите да бидат ставени на располагање и достапни за користење исклучиво на лица кои поседуваат соодветен безбедносен сертификат и го исполнуваат принципот „потребно е да знае"

**Интегритетот на класифицираните информации** – со информациите да се ракува согласно пропишаните мерки и активности за безбедност на класифицирани информации

**Чувствителноста на класифицираната информација** – одржување на тајноста на информацијата и нејзино ограничување од слободна циркулација во јавност



## Мерки и активности за подигнување на безбедносната свест

**Почитувај ги воспоставените безбедносни политики и процедури**

**Почитувај ги административните и безбедносните зони**

**Почитувај го принципот „потребно е да знае„**

**Никогаш не ги споделувај лозинките и шифрите за пристап**

**Доколку забележиш безбедносно нарушување, имаш обврска да го пријавиш кај овластеното лице**

**Препознај и пријави ги потенцијалните внатрешни закани**

**Информирај се за последиците кои произлегуваат од неправилно ракување со класифицирани информации**